Јосиф МИЛЧЕСКИ

# ВОВЕДЕН ЗБОР НА ТРИБИНАТА "ФУНКЦИЈАТА И ПРИМЕНАТА НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ И УЧЕБНИЦИ ПО ИСТОРИЈА ВО ОСНОВНОТО И СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ"*

Со почетокот на реализацијата на новата наставна програма од учебната 1991/92 година започна нов пристап кон изучување на наставата по историја.

Основната интенција на програмата е да се понудат научно фундирани содржини кои ќе овозможат реализирање на деполитизирана и деидеологизирана настава по историја, што ќе одговара на потребите и барањата на современото образование, сообразено со општите цивилизациски достигнувања, независно од постојните политички промени и притисоци.

Основна карактеристка на програмата е збогатување на историското познавање и развиток на историската култура на ученикот.

Преку својата структура таа остава можност за современо гледање на светот сообразена со потребата за фундаментално образование.

Таа овозможува да се сфати дека нашата национална историја е дел од европската и светската историја и дека македонскиот народ тежнее кон сопствен развој со сопствен национален идентитет и култура.

Во демократско-плуралистичкото општество преку историските содржини, со активна работа, се образоваат ученици кои ќе бидат корисни за нашата држава, зрели, комуникативни, одговорни за своите постапки, определени за демократија во правната држава, мирољубиви, способни да се вклучат во решавање на заедничките проблеми, од локалните до светските. Програмата по историја овозможува критичко и логично размислување и го поттикнува ученикот да го разликува битното од небитното, да биде способен да ги препознае и разоткрие вистините, способен да гради сопствени вредносни судови во кои ќе има доверба. Вака воспитан, подучен, насочен млад човек ќе биде способен на темелни методски истражувања, научна работа, да користи изворни податоци, оспособен сам да ги продлабочи своите знаења. Тој ќе стане воспитана

* Трибината беше одржана на 22 март 1995 година во Скопје. Во меѓувреме додека се подготвуваше овој број беа направени интервенции во наставните програми и во учебниците за основното образование.

млада индивидуа која ќе може сама да ги решава проблемите, одговорна кон себе си и кон другите.

Фактот што историјата е минато, сегашност, иднина, учителка на животот, го мотивира ученикот да го открива историскиот развиток, комплексноста на историските збиднувања, да ги согледува причините и последиците кои меѓу себе се испреплетени.

Една година по реализацијата на новата наставна програма од страна на ОП “Просветно дело” во 1992 година беа дадени во употреба 13 нови учебници по историја од кои 4 за основно образовцание (V-VIII), 2 за стручните училишта (I и II г. ), 4 за општа и јазична гимназија (I-IV),3 за природно математичка гимназија и правна струка (I-III).

Учебниците што се во употреба се дело на 6 автори од кои, 7 учебници се пишувани од по еден автор, а 6 учебници се пишувани тимски, најчесто од 3 или 4 автори.

По нивното излегување се наметна прашањето за нивниот квалитет. Денес, освен тоа прашање, под притисок на јавноста, наставниците, учениците сè повеќе се навлегува во стручната, педагошката, психолошката, дидактичко-методската разработеност на учебникот. И покрај тоа што тие оценки се воопштени, понекогаш и неаргументирани, сепак, може да се рече дека се корисни и тоа:

- му налагаат поголема одговорност на авторот, на рецензентите и издавачот;
- го поттикнуваат прашањето на конкурс како демократска институција;
- го поставуваат прашањето кој е автор на учебникот;

Значи, сето ова потттикнува на размислата за преземање на сериозни мерки за создавање на квалитетен учебник со научно верифицирани содржини, со дидактички, јазични, ликовни, графички и други стандарди. Го потикнува прашањето дали учебникот ќе биде за различни училишта и различна возраст на ученици, до изготвување на експериментални примероци на учебници.

Ние сме свидетели дека во наставата по историја во досегашната учебникарска практика има значајни остварувања, има учебници кои се темелат на методологија и може да се рече дека се современи, но не можеме да го речеме тоа и за целокупниот учебнички фонд.

Ако се направи преглед на квалитетот на учебниците што излегоа, општа е констатација дека тие се класични со задача да извршат интерпретација на наставниот материјал, кои единствено служат како средство за извор на знаења (репродуктивно мислење како за наставниците така и за учениците).

Карактеристика е, како информативно средство во некои да има повеќе а во други помалку илустрации, по некое прашање и задача, но не

и потребна дидактичко-методска апаратура преку која ќе дојде до ангажирање и мотивирање на ученикот.

Сакале или не, мора да признаеме, а досегашното искуство тоа и го покажа дека сегашниот тип на учебници (традиционални, класични) не ја поставуваат на преден план активноста на ученикот, кој не се јавува како носител во наставниот процес во разрешување на задачите, проблемите, посебно не даваат можност за самостојно учење и самоучење.

Карактеристика на учебниците (сите) е таа што содржат текст со најразлична големина, на крајот по некое прашање и задача. Во учебниците од V-VIII одделение, застапен е богат ликовен материјал, а само во учебникот од VI одделение има хронолошка таблица.

Заради горе изнесеното во наши настојувања во понатамошната ориентација треба да биде: создавање на нов тип на учебник кој ќе претставува носител на знаења, со изворен материјал, нагледност, илустрации, прашања, задачи, со јасен стил и јазик, или подруго речено, со дидактичко методска апаратура, која ќе овозможи трајност на знаења кај учениците.

Научно изнесената содржина, јасна, концизна и целосно разбирлива треба и од психолошки аспект да овозможи мислење, набљудување, анализа, синтеза, логичко размислување и заклучок. Пред сè, да претставува извор на знаења на ученикот, средство за самостојна индивидуална работа, дидактички обликуван во кој се подредени нормативно-функционалните и воспитните задачи, за мотивирање на интелектуалните, емотивните и мотивационите активности на ученикот. Во себе покрај информативната да ја содржи трансформационата фунција на систематизирање, утврдување, самопроверување, развојно-воспитната фунција.

Затоа учебникарската практика треба да вложи сериозни напори за создавање современ модел на учебник кој ќе ги следи законитостите на процесот на сознанието на ученикот, учењето и достигнувањето во областа на образовната технологија.

Сигурни сме дека во денешни услови неопходно е при изработката на учебник а особено на современиот, да се примени научно-истражувачка методологија.

За жал, досегашните искуства покажаа дека е мала ангажираноста за квалитетен учебник на одговорните субјекти, пред сè, издавачката куќа. Педагошкиот завод на Македонија, факултетите, Институтот.

Истражувањето за квалитетот на учебниците во V одделение на основното образование и I година на средното образование кое што го извршија стручните работници по историја на Педагошкиот завод на Македонија не беше со цел да се стават на преден план тие два учебника, туку преку нив да се определат фундаменталните проблеми, потреби и

барања на учебниците, со намера во наредниот период уште повеќе да бидат во центарот на вниманието на понатамошните истражувачки настојувања.

Интересот за подобрување, збогатување, усовршување на квалитетот на учебникот се јавува не само кај нас, туку и во сите земји на светот во кои има промени во општествено-економскиот и политичкиот систем.

Фактот што учебникот постојано треба да се усовршува, бидејќи сѐуште претставува магацин на знаења, полн со содржини, поими, датуми, треба да не поттикне на теореотско-методолошка работа за создавање на современ учебник што претставува и актуелност за сите оние кои се непосредно поврзани со учебникот. Учебникот не може да биде статичен и само инвентар на знаења, тој треба да биде работно средство во кој треба да се вградат воспитни, научно-стручно, дидактички, педагошко-андрагошки, психолошки, методолошки, јазични, ликовни, и графички стандарди.

Не е спорно дека во наставата сѐуште ништо не може да го замени учебникот, со оглед на неговата педагошка функција, единствено спорно е прашањето дали смееме да дозволиме учебниците да останат онакви какви што се? Секако не!

Денешната трибина има за задача да придонесе за отстранување на слабостите, пропустите и недостатоците во учебниците по историја. Истовремено да даде одговор на повеќе прашања:

- колку ни е потребен современ учебник;
- кој тип на современ учебник ќе воведеме;
- менување на процедурата од пишување до употреба;
- колку авторот ја познава наставната програма, концепцијата на учебникот;
- изборот на рецензентите;
- колку е потребна конкуренција во издавачката дејност;
- вреднување на квалитетот на учебниците;

Ако на овие прашања се дадат одговори, тогаш сум убеден дека сме зачекориле во разрешувањето на проблемот што денес е поставен и во иднина ќе очекуваме поквалитетни учебници.